ДОБИТНИЦИТЕ НА НАГРАДАТА „11 ОКТОМВРИ" ЗБОРУВААТ

# Работам врз „портретот" на Радика!



**— Македонскиот ликовен уметник Тома Владимирски ја доби наградата за животно дело**

Македонскиот ликовен уметник **Тома Владимирски** ја доби годинашнава награда „11 Октомври" за животно дело. Моментно тој приготвува самостојна изложба што носи работен наслов „Низ Радика".

**— Веќе 6 години реката Радика е тема на мојата ликовна преокупација,** ни изјави во разговорот наградениот уметник Владимирски.

— Оваа река особено ме импресионира со драматиката на својот тек и особено со своите кањони и брзаци. Сакам особено да истакнам дека на Радика не гледам како на географски поим, туку како на личност со конкретна судбина. Со пејсажите што ќе ги изложам во рамките на мојата идна самостојна изложба во Скопје сакам да го презентирам „портретот" на Радика таков каков што го почувствував јас. Радика ме привлекува со тоа што нејзината судбина соодветствува на судбината на човекот. Имено, таа долж сиот свој тек е бурна и немирна и дури непосредно пред да се влее во Црн Дрим се смирува за да се „одмори" по динамичниот бурен тек.

● **Интересно е да се одбележи дека академскиот сликар Тома Владимирски и една друга своја самостојна изложба има посветено на река. Тоа е изложбата „Крај Вардар" презентирана во Скопје 1960 година, за која ја доби наградата „11 Октомври" за 1961 година.**

**— Како уметник најмногу ме привлекува пејсажот иако доста работам и врз портретот и мртвата природа. Оттука и мојата љубов кон реките чиј тек е декориран со прекрасни пејсажи кои со својата убавина и динамичност до максимум го активираат творечкото чувство на секој уметник.**

Тома Владимирски основно и средно образование завршил во Скопје а Уметничко училиште и Виши академски течај во Белград во 1935 година. Потоа како стипендист престојувал на специјализација во Прага каде што и дебитира како сликар со својата прва самостојна изложба во 1937 година. Во 1938 година, непосредно по враќањето од Прага, ја приредил и својата прва скопска самостојна изложба. Потоа следеле неколку групни изложби со Личеноски, Мартиновски и Поповиќ-Цицо.

Досега Владимирски има приредено 14 самостојни изложби а учествувал на многу значајни изложби во земјата и странство.

● Интересно е да се одбележи дека овој наш еминентен ликовен уметник скоро 2 децении работел како сценограф во Македонскиот народен театар во Скопје.

**— Сценографијата претставува дел од мојот живот. Првите мои сценографии датираат уште од 1939 година. Досега сум обликувал над 120 сценографии што ја содржат сета театарска структура — драма, опера и балет!**

Моментно во Скопје е презентирана изложбата „Современата македонска уметност меѓу двете војни". Во рамките на оваа изложба Владимирски е застапен со 20 творби.

Т. Ширилов